20260881340

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 137 став (5) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 6 став (1) од Правилникот за сертификација на оператор на електропреносен систем и оператор на систем за пренос на природен гас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 146/18), постапувајќи по Барањето за сертификација на операторот на системот за пренос на електрична енергија доставено од Операторот на електропреносниот систем на Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, бр. 12-1619/3 од 22 август 2025 година, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на 23 април 2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА СЕРТИФИКАЦИЈА И НАЗНАЧУВАЊЕ НА ОПЕРАТОР НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје, со седиште на ул. Максим Горки бр.4 Скопје, со ЕМБС: 5933781, којшто ја врши дејноста пренос на електрична енергија, ги исполнува пропишаните услови за сертификација за оператор на електропреносен систем и се назначува за оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува назначениот оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија на секои шест месеци да ја известува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија за текот на постапките пред Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија за упис на правото на сопственост на недвижностите преку кои ја врши дејноста.

3. Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за сертификација и назначување за оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија бр. 02-2851/1 од 15 август 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 175/19).

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, како и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на која се објавува и мислењето доставено од Секретаријатот на Енергетската заедница.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Ацо Ристов,** с.р.

Бр. 02-292/4
23 април 2026 година
Скопје